


## ПРИМЕР ОЗНАКА МАШИНА ЗА СУШЕЊЕ

① - назив на добавувачот или трговската марка

② - енергетска класа на апаратот

③ - годишна потрошувачка на енергија

④ - тип на сушилница (со вентилација/ кондензација/гасна)

⑤ - време за сушење на просечно целосно памучно полнење

⑥ - капацитет на полнење

⑦ - класа на кондензација

Повеќе совети за вашите права како потрошувач, можете да се обратите до Организација на потрошувачите на Македонија, ОПМ – Скопје, тел. 02/ 3 179 592 или преку веб страната: www.opm.org.mk; e-mail: sovetuvanja@opm.org.mk

**СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ СО СВОЈАТА ПРОГРАМА ЈА ПОДРЖУВА ЗАШТИТАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

Град Скопје

СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ


СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

Бул. Илинден бр. 82 - Скопје


ОПМ

Град Скопје

Град Скопје

СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

# НАЛЕПНИЦА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ

## НА ЕЛЕКТРИЧНИТЕ АПАРАТИ НАМЕНЕТИ ЗА ДОМАЌИНСТВАТА

# НАЛЕПНИЦА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ

## НА ЕЛЕКТРИЧНИТЕ АПАРАТИ НАМЕНЕТИ ЗА ДОМАЌИНСТВАТА

Налепниците за означување овозможуваат точни, препознатливи и споредливи информации за електричните апарати во поглед на енергетската потрошувачка, перформанси и други основни карактеристики како што се потрошувачката на вода, потеклото на производот, нивото на бучава итн.

Налепницата за означување на производи во определена категорија е иста, со цел да се врши споредба меѓу нивните карактеристики, како потрошувачка на енергија или вода, моќност и др.

Обоените ленти на налепниците овозможуваат лесно да се идентификуваат апарати според енергетските карактеристики, односно според енергетската ефикасност, а на тој начин потрошувачите можат да заштедат енергија односно да прават мудри одлуки при купувањето. Така, производите од иста категорија се рангираат од енергетска класа А до класа G, каде класата А означува најефикасно користење на енергијата, а класата G најниска енергетска ефикасност (ЕЕ). Ознаките во зелена боја А+, А++ и А+++, означуваат повисока ЕЕ од класата А, бидејќи производителите на пазарот пласираат енергетски се поефикасни производи согласно барањата на потрошувачите и политиките за заштеда на енергија.

Ознаката за енергетските карактеристики (ефикасност), апаратите ги рангира од темно зелена (највисока ЕЕ) до црвена (најниска ЕЕ). Значи, апарати кои најефикасно ја користат енергијата се тие означени со лента во темно зелена боја. Друга важна информација која е наведена на налепницата за означување е количината на енергија што производот ја користи во тек на една година. Колку е помала оваа бројка, толку апаратот троши помалку енергија.

Следните електрични апарати за домаќинство мора да бидат означени со налепница (заедно со соодветната техничка документација која го потврдува наведеното):

- Разладни апарати за домаќинство (фрижидери, замрзнувачи и нивни комбинации);
- Телевизори;
- Машини за миење садови;
- Машини за перење алишта (машини за сушење алишта со барабан и комбинирани машини за перење и за сушење алишта);
- Електрични шпорети;
- Клима уреди и;
- Светилки.

Од вкупно потрошената енергија во домаќинствата, 25% отпаѓа на електричните уреди и осветлувањето. Значи, апаратите кои ефикасно ја користат енергијата: го штедат домашниот буџет, трошат помалку енергија за истата функција, помалку ја загадуваат животната средина и придонесуваат кон зачувување на природните ресурси.






## ПРИМЕР ОЗНАКА ЗА ФРИЖИДЕРИ

① - назив на добавувачот или трговската марка
② - број на моделот
③ - енергетска класа на апаратот
④ - годишна потрошувачка на енергија
⑤ - волумен на просторот за оладување
⑥ - волумен на просторот за замрзнување
⑦ - интензитет на бучава